Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-456/6
06-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-456/1 од 9.8.2023 година поднесена од [redacted] од Долнени, против Општина Долнени, за извршена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 27.10.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи извршена од страна на општина Долнени врз [redacted]

**СЕ УТВРДУВА ПРОДОЛЖЕНА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** како потежок вид на **дискриминација** која произлегува од одредба содржана во Колективниот договор на Општина Долнени и која резултира со ставање на група вработени кои не членуваат во синдикалната организација во понеповолна положба во однос на вработените кои се синдикални членови врз основа - нечленување во синдикална организација.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-456/1 од 9.8.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација во областа на работата и работните односи, од страна на општина Долнени.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во општина Долнени на работно место соработник за евидентирање на даноци и такси. Тој наведува дека со исплатата на плата за месец април 2023 година, нему и на уште 9 останати вработени во општина Долнени не им била исплатена зголемена усогласена плата согласно Колективниот договор бр. 09-422/6 склучен на 20.4.2023 година помеѓу синдикалната организација на УПОЗ на општина Долнени и општина Долнени. Подносителот побарал образложение на ваквото нееднакво постапување, при што од страна на [redacted] финансирање и буџет на општина Долнени – [redacted] му било одговорено дека причината е тоа што тој не е член на претходноспоменатата синдикална организација. Во претставката е дополнително истакнато дека не добил одговор на Барањето за информација во врска со неисплатена зголемена (усогласена) плата бр. 03-597/1 од 10.5.2023 до градоначалникот на општина Долнени – Урим Ибески. Во однос на ваквото писмено барање, подносителот на претставката разговарал лично со градоначалникот на општина Долнени, при што повторно му било укажано дека ваквото постапување *било по барање на неколку од членовите на синдикалната организација, согласно член 61 став 4 од Колективниот договор склучен на 20.4.2023 година.*

Во продолжение на претставката е истакнато дека со цел да ја провери исправноста на ова тврдење, подносителот се обратил до Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија, при што во прилог на претставката е доставен и нивниот

одговор бр. 03-962/2 од 13.6.2023 година, согласно кој е утврдено следново: „*Со колективен договор се уредуваат прават, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во општините, градот Скопје и општините на градот Скопје. Според поимникот на овој колективен договор, „вработени" се вработените кои засновале работен однос кај работодавачот и имаат право на плата, надоместоци и додатоци на плата согласно закон, општите прописи за работни односи, овој колективен договор и поединечните колективни договори. Оттука, законските одредби упатуваат дека со Колективниот договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во* ***врска со работниот однос на вработените, а не членовите на синдикалната организација****. Членовите на синдикалната организација имаат* ***ексклузивитет (поволности) на средствата обезбедени од синдикалната организација.*** *Кај општините, Градот Скопје и општините на градот Скопје, поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, што ги дава Колективниот договор имаат* ***сите вработени, а не само членовите на синдикалната организација,*** *бидејќи средствата за плати, надоместоци и додатоци на плата се обезбедуваат од буџетот на општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, односно* ***не ги обезбедува синдикалната организација****.* Следствено на претходно изнесеното, Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија на крајот на одговорот наведува дека ваквата селективна примена на одредбите од Колективниот договор, Законот за работни односи и Законот за административни службеници доведува до дискриминација, која е строго забранета и спротивна на член 6 став 1 точка 1 од Законот за работни односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 24.8.2023 година испрати Известување бр. 08-456/4 за произнесување по наводите од претставката до општина Долнени.

На ден 15.9.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на општина Долнени како одговор на претставката. Од општината најпрво истакнуваат дека вработениот [redacted] кој е подносител на предметната претставка за заштита од дискриминација, како и сите останати вработени во општина Долнени биле запознаени со формирањето на синдикалната организација при општина Долнени. Притоа, наведено е дека подносителот [redacted] *одбил да биде член на оваа синдикална организација бидејќи не сакал да плаќа месечна членарина.* Согласно претходно изнесеното, општина Долнени и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ – УПОЗ потпишале Колективен договор за вработените во општина Долнени бр. 09-422/6 на 20.4.2023 година.

Во произнесувањето е наведено дека ваквиот Колективен договор бил склучен *со цел да се изврши усогласување на платите со порастот на минималната плата во март 2022 година*, поради фактот што тогаш било извршено зголемување само на платите на вработените со средно образование, додека вработените со високо образование не добиле никаква промена во платите. Во одговорот на претставката е истакнат член 61 став 4 од Колективниот договор на општина Долнени, согласно кој „**Поволностите од овој колективен договор ќе се применуваат само на членовите на синдикатот при Општина Долнени**.", согласно кој правото на зголемување на платите почнувајќи од априлската плата им се признало само на членовите на синдикатот на општина Долнени, не вклучувајќи ги и другите вработени.

Во прилог на ваквото тврдење, кон произнесувањето по наводите од претставката Општина Долнени има доставено и Одговор на барање бр. 0302-576/2 од 10.7.2023 година од **Синдикатот на УПОЗ**, согласно кој „*Од член 61 став 4 произлегува дека со потпишувањето на овој*


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*Колективен договор, трите страни се согласиле да овие права кои се предвидени а обезбедуваат **финансиски бенефит** за вработените во општина Долнени, ќе ги уживаат само членовите на Синдикатот".*

На крајот на произнесувањето е наведено дека подносителот на претставката [redacted] предизвикал револт кај своите колеги со осуда кон него, поради фактот што одбил да членува и да плаќа членарина за синдикалната организација, а притоа сака да ги користи погодностите од Колективниот договор кои ги користат членовите на синдикалната организација. Како образложение на претходно истакнатото, од општина Долнени тврдат дека ваквиот однос на подносителот е нефер и дискриминирачки кон останатите вработени кои се членови на синдикалната организација, затоа што на нив секој месец им се прави задршка на 1% од платата коа се уплаќа на жиро сметката на синдикатот на УПОЗ како синдикална членарина, поради што не би било возможно тие што плаќаат членарина и тие што не плаќаат да имаат исти права, водејќи се од фактот дека немаат исти обврски. Притоа, наведено е дека следствено на ваквиот однос на подносителот, доколку Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека постои дискриминација во конкретниот случај, членовите на синдикалната организација би се откажале од ваквото членство и не би сакале да плаќаат месечна членарина, имајќи во предвид дека некој користи бенефити и привилегии од истото на нивен грб.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за директна продолжена дискриминација врз основа на нечленување во синдикална организација, извршена од страна на Општина Долнени врз [redacted] Со оглед на наводите и на подносителот и на градоначалникот на Општината, дека на сите вработени кои не членуваат во синдикатот не им се исплаќал зголемен износ на плата, почнувајќи од априлската до денес, заради несоодветно толкување на одредбите од Колективниот договор во врска со член 61 став 4, Комисијата утврди продолжена индиректна дискриминација извршена кон вработените во општината кои не се членови на синдикалната организација, која произлегува од погрешното толкување на одредбата содржана во член 61 став 4 од Колективниот договор на Општина Долнени, врз основа на која е издадена одлуката на градоначалникот на Општина Долнени со која се утврдува правото на зголемена плата, започнувајќи од месец април 2023, да го остваруваат само вработените кои се членови на синдикатот.

Следствено на ова, одлуката на градоначалникот на општина Долнени зголемена плата да да добијат единствено вработените кои се членови на синдикалната организација, предизвикала директна дискриминација врз [redacted] како вработен кој не членува во синдикалната организација, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Засновајќи ја својата одлука правото на зголемување на платата да им го признае само на членовите на синдикатот врз одредбата содржана во членот 61 став 4 од Колективниот договор на општина Долнени, градоначалникот извршил повреда на правото на еднаков пристап до зголемување на платата за сите вработени, без оглед дали членуваат во синдикалната

организација или не, што според член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставува индиректна дискриминација:

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица..."*

Согласно член 6 став 1 од Законот за работни односи, работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, **членување во синдикатите,** националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

Дополнително на ова, општина Долнени не постапила согласно член 185 став 2 и член 208 став 3 од Законот за работни односи, кои гласат:

*,,Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или* ***нечленство*** *во синдикатот, односно здружението на работодавачите, односно учество или* ***неучество во дејноста на синдикатот,*** *односно здружението на работодавачите."*

*„Поединечниот колективен договор ги обврзува -* ***важи и за работниците кај работодавачот кои не се членови на синдикат или на синдикатот*** *- потписник на колективниот договор."*

Во однос на претходно изнесеното, фактот што градоначалникот на Општина Долнени не извршил зголемување на платата на подносителот на претставката [redacted] поради неговото нечленување во синдикалната организација врз еднаква основа како и на вработените кои се членови на синдикатот, врз основ на таа заштитена карактеристика, е дејство кое е спротивно на одредбите од член 198 став 2 од Законот за работни односи, кој гласи:

*,,Членството во синдикатот и учество во активностите на синдикатот не смее да биде околност на која работодавачот ќе ја заснова одлуката за склучување на договор за вработување, за промена на работата која работникот ја работи, односно местото на работа, стручното образование, напредувањето,* ***платата,*** *социјалните надоместоци и престанок на договорот за вработување."*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при одлучувањето ги зеде предвид следниве утврдени факти:

1. Со Колективниот договор на Општина Долнени се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос **на сите вработени во Општината.**
2. Во Мислењето на Синдикатот на УПОЗ во врска со одредбата од член 61 став 4 и се нарекуваат „поволности", тие наведуваат дека се работи за права кои обезбедуваат финансиски бенефит за вработените кои ќе го уживаат само членовите на синдикатот, но не потенцираат дека станува збор за **плата како право на надоместок за извршена работа кој се исплаќа од општинскиот буџет** на секој вработен.
3. Согласно мислењето на Здружението на финансиски работници на локалните самоуправи и јавните претпријатија, со членувањето во синдикалната организација, членовите имаат

ексклузивитет – **поволности на средствата кои се обезбедуваат од синдикалната организација.**

4. Согласно член 7 став 5 од Законот за работните односи, одредбите на колективните договори со кои се предизвикува дискриминација според некоја дискриминаторска основа од членот 6 на ЗРО, **се ништовни**.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на Општина Долнени да им го признае правото на зголемување на платата на [redacted] и на сите останати вработени кои не се членови на синдикалната организација на еднаква основа со вработените кои членуваат во истата и во целост да им ги надомести разликите на плата започнувајќи со априлската плата 2023 **година во рок од 30 дена но не подолг од 60 дена, и за тоа писмено да ја извести Комисијата.**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** градоначалникот на Општина Долнени да иницира измени во Колективниот договор склучен помеѓу СО на Општината и Синдикатот на УПОЗ во смисла на допрецизирање на одредбата содржана во членот 61 став 4 од договорот, во насока дека станува збор за материјални и нематеријални погодности кои ќе ги користат само членовите на синдикатот а ќе се покриваат од средствата на синдикалната организација на општината, **во рок од 30 дена од приемот на ова Мислење но не подоцна од 60 дена и за тоа писмено да ја известат Комисијата**.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Долнени во иднина да се воздржува од дискриминаторски практики врз основа на членување или нечленување во синдикални организации или врз било која друга дискриминаторска основа.

Доколку Општина Долнени не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
6.11.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Општина Долнени, 7504 Долнени